РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 29-1563/2
21.03 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 62 и член 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23) и член 23 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општината Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23 и 05/23) градоначалникот на Општина Крива Паланка го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка

Изработката на Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка ќе се одвива во рамките на следниот опфат:

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка, **е со површина од 32.706,94 м$^2$ (3.27ха)** и претставува земјиште на кое се поставува канализациона мрежа во должина од 8.196,09 метри.

Проектна документација се изработува по програма на општината и прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Крива Паланка.

Јавниот увид на Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба за канализациона мрежа, КО Конопница, Општина Крива Паланка ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјана службена веб страна на Општина Крива Паланка : **www.krivapalanka.gov.mk**

**Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнуваќи од 21.03.2024 година заклучно до 11.04.2024 година.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.
Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам во Општина Крива Паланка која составува записник со образложение за прифаќање и неприфаќање на забелешките, што се објавува на службена веб страна и му се испраќа на изработувачот на урабанистичкиот проект за да ги вгради во планско-проектната документација.

Изготвил:
диа Иван Велиновски

Одобрил:
Раководител,
диа Маја Костадиновска

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**